# НЕ СЕРИ БЕЗ ПОТРЕБА



БРОЈ:2

# SIDEWALK

SIDEWALK се претставници на новата генерација скопски HC бендови кои се поактивно учествуваат во зацврстувањето на истата сцена во својот сакан град. Функционираат како бенд од ’98 година во состав: Џоле (вокал), Игор (бас), Запа (гитара), Бане (тапани). После одреден




период, кој е исполнет со неколку свирки, на бендот му се приклучува Живко (саксофон). Во таа постава групата се труди да направи синтеза помеѓу мелодичното punk-ska и калифорнискиот мелодичен HC. Значи целта на’ SIDEWALK е да свират мелодична музика која би била дополнета со текстови за проблемите на сите оние кои живеат во оваа држава, се разбира вклучувајќи се и себе си. Реализираат околу 15-тина свирки исклучиво во Скопје. Како најдраги ги издвојуваат својата прва свирка на 20.11.98 во МКЦ и онаа самостојната во клубот Копакабана со одлична атмосфера пред околу 250 луѓе. Иако ги напушта гитаристот остатокот од групата на неговото место како замена носи дури двајца нови гитаристи за кои се надеваат дека ќе допринесат за новата цел на бендот. Создавање на помоќен, побрз и поенергичен звук. Се разбира без саксофон. Толку.

контакт: (091) 361 - 214 (Игор) e-mail: eegor@freemail.org.mk



SIDEWALK – Заблуда

Останав да бидам сам сега со своите стравови
да се соочам со погрешните избори
нема надеж, нема желба, нема иднина
останав достоен а другите се продадоа

Јас не сакам да се променам
и да живеам во заблуда
И дали сега можам нешто да променам?
Вредностите што значеа сега се изгубија

Каде се оние што некогаш веруваа?
Ги обзеде светот на стереотипноста!
Јас не сакам да се променам
и ќе живеам во заблуда.



# NIHILIST

контакт: бул. “Партизански одреди” 131 / 27, 91000 Скопје

NIHILIST се формирани кон крајот на `96-та година од Александар Камиловски и Оливер Целески. По неколку измени конечно се воспостави сегашниот состав: Александар Камиловски (бас), Оливер Целески (тапани), Јаневски Петар (вокал) и Крстевски Дарко (гитара). Инспирирани од аномалиите на модерното општество го искажуваат својот револт преку нивната музика. Сведувајќи ги на апсурд денешните парадоксални состојби како и самата егзистенција ги рушат бариерите воспоставените стандарди. Затоа што, како што рекол Горгија (творец на нихилизмот), “Ништо не постои, но иако постои не може да се спознае, но иако може да се спознае не може да се пренесе на друг”. Текстовите се со про-анархистичка и нео-нихилистичка тематика. Главна инфлуенција за текстовите се урбаното секојдневие и суровоста која владее во него. Всушност, тие се интелектуална борба за зачувување на интегритетот на личноста, одстранување на сите предрасуди и целосно отварање кон сите полиња на животот. Секако тоа се прави со негирање на постојаните проблеми и декадентните појави. Негирани се сите негативни човечки особини, глобалната политика (пред се империјализмот) и злоупотребата на луѓе и животни. Исто така пропагираат потполно чиста свест незатруена од стимулативниот отпор кон замагленоста на умот. Стилот на музиката го дефинираат како метализиран HC т.е. HATE CORE.



NIHILIST – Union of sick assholes

Masturbating on our heads, they're doing what they want
somebody has tried to stop them, but nobody really can,
they eliminate their enemies with punches under belt
it's about a time to switch on the last alert!
Who has give'em right to struck the summon bell
and take us to the way that leads straight to hell?
Be an open-minded person who has the balls
to step out of the way that is totally fasle.

Union of sick assholes

Showing themselves as great peacemaker
they're the greatest landtakers
and for the warcreators you're gonna say....the U.S.A.
Their biggest weapon is the TV news
washing our brains with selected views
but try not to obey the way....of the U.S.A.
They don't care about the environment
money is the interest of their goverment
and who's testing on people the atomic ray....if not the U.S.A.
Ensuring us that we're insane and wrong
enormous are the masses that waited so long
and who're gonna spit today...on the U.S.A.

Exploiting from the poor countries their natural resources
if you don't want to give'em, Uncle Sam enforces
and the poor is selling his ass for a not much money
Statue of Liberty is fucking and then is running.
Liberal ideas are the greatest fear of the White House
As the big elephant fears the little mouse.
So don't be stupid to follow the american way
`cause one day you'll become an empty foolish gay!

# Рециклирање и еко-живот

Едно од моите лични правила е рециклирањето. Иако тоа не е клучот за решавањето на сите светски проблеми, сепак мислам дека е едноставна работа во секојдневниот живот на секој/ја поединец/ка, со која тој/таа може на големо да влијае на светот околу нас.
Отсекогаш сум рециклирала. Моето семејство рециклираше многу време и пред да бидат поставени контејнери. Пред NEW YORK CITY да воведе програма за собирање и рециклирање на отпадот, влечев се што имав за рециклирање до рециклирачкиот отпад, на неколку улици од мојата куќа. Гледајќи како овие денови луѓето станаа мрзливи, поготово кога рециклирањето е толку едноставно, на некој начин се смеам на тоа колку сум спремна секогаш да отидам толку далеку - затоа што мислам дека е тоа важно и дека тоа го сакам. Кога ќе размислиш за тоа - да се прошеташ неколку улици подалеку или пак со автомобил да се повозиш неколку километри до рециклажните одпади за да рециклираш, па и не е некој проблем. Повеќето градови имаат развиено CURBSIDE RECY-CLING програма што значи дека се што треба да сториш е да го издвоиш стаклото, лименките и пластиката и да ги ставиш во одредениот контејнер во одредениот ден во неделата. Оваа програма се повеќе собира и различни видови на хартија. Значи дека можеш да рециклираш канцелариска хартија, пошта, омоти, кутии, картон, новини и веројатно се што имате. Распрашајте се. Доколку токму во твоето соседство нема контејнер најверојатно се наоѓа некаде во близина.
Пред се, во рециклирањето е најважно да се елиминира целото ѓубре што ќе го направиш. Со други зборови, наместо да купуваш само запакувани производи од продавница, подобро купувај храна на големо или барем онаа храна која нема одвишок пакување. Кога можам да бирам, секогаш купувам зеленчук во големи количини затоа што е поевтино и затоа што не мораш да фрлаш глупи пакувања и пластични или картонски омоти. Ако не можеш нешто да купиш на големо, избери го она каде што се користи материјал за пакување кој може да се рециклира и да се користи одново. Кога еднаш ќе почнеш да размислуваш за пакување, рециклирање, повторна употреба, тогаш секој чекор што го правиш за минимализацијата на ѓубрето што го создаваш се чини совршено логичен. А кога сето тоа ќе влезе во твојата секојдневна рутина и навики веќе и не мораш да мислиш за тоа. Но исто така, ако тоа никогаш не си го практикувал/а, некои работи нема ни да ти паднат на памет. Поради тоа одлучив да ја составам оваа листа на практични совети, кои нема да ти помогнат само за да заштедиш пари, туку и позитивно ќе влијаеш врз земјата и врз светот околу тебе.

## Редуцирај го / Смали го отпадот

Ако малку размислиш пред нешто да фрлиш во ѓубре можеш да елиминираш големи количини на произведено ѓубре. Проучи го ѓубрето кое обично го фрлаш. Запознај се со работите кои најчесто ги купуваш и потоа фрлаш и најди начин како тоа да го рециклираш (редуцираш). Почни да купуваш производи со помали пакувања и амбалажи и пробај да го намалиш и воопшто купувањето.



## Пред рециклирање

Размисли за производот и пакувањето што ги користиш и така елиминирај го вишокот на отпад уште пред купувањето и користи производи кои и сами може да се рециклираат. Кога купуваш нешто, не земај кеса од продавницата - туку поубаво донеси своја платнена торба која можеш повеќе пати да ја користиш. Користи платнени наместо хартиени марамчиња, крпи наместо салфетки, апарати за бричење или бикче наместо еднократен жилет, шољи или чаши наместо пластични чашки, платнени пелени наместо еднократни, барај производи во пакувања кои можат да се употребат повеќе пати (стаклени шишиња) или барем да се рециклираат (стакло, алуминиум). Не купувај работи за еднократна потреба - барај работи кои можат да се искористат повторно или пак повеќе пати. Следи ги овие основни правила и користи ги во сите аспекти на својот живот и конзумирање. Работи на тоа да не бидеш “конзумент/ка”.

## Користи повторно

Многу работи можат да се користат повторно. Секогаш користи ги двете страни на хартијата додека копираш, печатиш или пишуваш. Дури и старите парчиња на хартија можат да користат како потсетници или

како нешто друго - користи ја фантазијата. Подели списанија, весници, фанзини на пријателите/лките или однеси ги во книжарница или читална за да ги прочитаат и други, а од друга страна и ти ќе прочиташ нешто што ќе донесат другите. Искористи ја читалната! Доколку имаш работи кои не ти требаат или не ги сакаш (облека, книги, домаќински работи) дај им ги на соседите или на пријателите или донирај ги во добротворни организации или пак продај ги на пазар или пак на некој саем. Не фрлај работи кои би можеле да ги искористи некој друг. И не се плаши да погледнеш во туѓиот отпад (поготово кога е времето на генералните чистења) затоа што многу луѓе имаат обичај да фрлаат корисни и добри работи.




## Одвојувај

Чистејќи кутии, шишиња, стакло после употребата и одвојувањето на истите на нивното место, рециклирањето станува навистина едноставно. Ако одвоиш и раздвоиш работи што ги фрлаш во ѓубре целата работа е направена и воопшто нема да биде мачна.

## Рециклирај

Сигурно во твоето соседство има многу контејнери за хартија, стакло, пластика, лименки (па не баш) а и во телефонскиот именик под "УНИИ" или "РЕЦИКЛАЖА НА СПРЕМИШТА" најди телефон или адреса, па наместо да фрлаш ѓубре насекаде прошетај се до контејнерите.

## Намирници и кеси за купување

Нешто што можеш да направиш е да престанеш да земаш кеси од продавниците. Поготово ако купуваш пијалок или нешто што веднаш ќе го искористиш или ако купуваш нешто ситно што можеш да го носиш во рака - одбиј да земеш кеса. Кажи и/му на продавачката/чот "Не ми треба кеса", а ако не те послуша остави ја кесата на пултот. Кесите чинат и продавницата ќе ти биде благодарна кога ќе ја искористи за некој друг. Исто така е добро да имаш кеса за купување на намирници со себе секогаш кога купуваш нешто, а платнените торби исто така одлично служат за таа намена. Многу домаќинства собираат пластични кеси, иако не мислат да ги искористат за таа намена. Носи си некои од

нив со себе и користи ги наместо да земаш постојано нови. Јас секогаш носам неколку кесички со мене и доколку одлучам да купам нешто додека сум надвор имам каде да го ставам тоа и не треба да купувам нови кеси. Ова е многу едноставна работа, а прави голема разлика, која ќе ја докаже секое домаќинство со полн ормар со кеси.

## Корисни информации

Алуминиумската фолија може повторно да се користи. Смеѓата хартиена кесичка може да се рециклира со картонот. Картонските кутии можат да се рециклираат. Треба да се израмнат и заврзат. Облеката може да се донира на преноќилиштата за бескуќници или на непрофитабилните организации. Износената облека може да се користи како крпи за бришење (подобро отколку хартиени марамчиња). Можеш да ги исперeш и повторно да ги користиш. Купувајќи храна на големо штедиш пари и беспотребно пакување. Сувата храна, брашно, коскестото овоштие (ореви, бадеми, лешници), житариците... можат да се купуваат на големо. Како и соја, концентрати од сокови и сапуни. Купувањето на пазар е поевтино од продавница, а купувањето на зелен пазар често е и половина поевтино од обичниот пазар. Книжарите (библиотеките) се едни од најдобрите места каде се осигурува друштво. Одлични се и поради бесплатниот пристап до книгите - искористи го тоа. Списанијата можат да завршат кај пријателите или пак да се рециклираат. Микробрановите печки можат да делуваат многу практично, но немој да се залажуваш со замката за купување на мали пакети. И така храната е повкусна кога навистина ќе се зготви. Телефонските имeници можат да се рециклираат со весниците. Најлон за виткање на храна не мораш да користиш. За тоа користи тањир превртен наопаку или кутија за чување на храна. Измиј ги пластичните кеси и користи ги повторно.

## Совети за еколошки сигурно чистење

Целото чистење можеш да го извршиш со помош на неколку производи кои се потполно сигурни, природни и не содржат хемикалии - сода бикарбона, borax, оцет, сол. Грубо чистење - користи пола лимон потопен во borax. Сенаменско средство - топла вода, сапун и borax. Настојувај да избегнуваш комерцијални производи. Borax-от, прашокот за пециво и оцетот се најдобри за чистење. Безопасни се за кожата и сигурни за околината. А нема ни уплетени корпорации ни мамење на потрошувачите. Основно чистење - оцет и вода. Загорени тавчиња - прво тргни ја зготвената храна и загреј вода. Ишприцај со сода бикарбона и мачкај неколку сати. Мрљите од нелепливата површина тргни ги со загревање на 2 полни лажици сода бикарбона и филџан вода. Избриши со јестиво (?!) улје пред повторната употреба. Мрљи на шоља за кафе - влажна сол. Мрљи на ѓезве за кафе - оцет. Смеса за

миење на садови - течен сапун или издробен тврд сапун. Користи само природни сапуни нетестирани на животни. Дезинфекциски средства - земи 1/2 шоља borax и литро врука вода. Чистење на каменец - 1/4 шоља сода бикарбона па потоа 1/2 шоља оцет. Покриј додека не се слушне зуење и тогаш пушти вриена вода. Чистење на чаши - наместо комерцијално средство користи алкохол. Потоа смеса од 50% бел оцет и 50% вода. (Средствата за чистење на чаши содржат амонијак кој ти го вдишуваш. Амонијакот е отров, иако не пишува на етикетата.) Чистење на масти - borax и крпа. Рачно перење на садови - додај 1/2 шоља оцет за да ја спречиш маснотијата на тавчињата и лонците. Облека - 1/2 шоља оцет во вода за испирање ќе ја омекне облеката и ќе ја намали потрошувачката на сапун. Лушпите на сапунот се неотровни биоразградувачи и се замена за детергентите. Додади 1/3 шоља сода за да се исчистат мрљите и маста. Чистење на површини - оцет и сол. Користи крпи. Можат да се исперат и повторно да се употребат за разлика од хартиените марамчиња.

## Заштеда на енергија и вода

Штеди вода додека миеш заби или садови, не пуштај да тече млаз ни додека се движиш по кујната или работиш нешто околу садоперот. Живеј некое време чувајќи и пазејќи на потрошувачката на вода и ќе видиш колку вода се сочувува.

Готвење: Стави поклопувачи на лонците за водата порано да закипе и да се избегне залудното греење. Малите лонци ставај ги на малите греачи, а големите лонци на големите. Водата за пиење може да се држи во фрижидер - така ќе биде ладна и нема да мораш да пушташ залудно премногу вода и да чекаш. Сончевата светлина е одличен извор на светло и топлина. Тргни ги ролетните и завесите преку ден и пушти го сонцето да ја осветли и загрее куќата. Полевај ги билките со остатоците од вода за пиење или од соковите кои течат од зеленчукот. (Витамините им користат и на растенијата)

**(CHRISTINE, SLUG & LETTUCE #52)**

Овој леток е само еден од низата на летоци составени со цел за промовирање на направи самиот/сама, drug-free, vegan начинот на живот. Сите информации, прашања и примедби праќај ги на адреса:

**OBRANA ISTINE, p.p. 18, 40315 M. Sredisce, Hrvatska**
**e-mail: truthdef@zamir.net**
**http://www.zamir.net/~truthdef**

П.С. Простете ми за сите недостатоци направени при преводот на овој леток.

24/08/99-17:01h-Скопје

# ДО МАКЕДОНСКАТА "D.I.Y" ПОЛИЦИЈА

Драги Полицајци
Во неколку полициски списанија прочитав текстови упатени на сметка на мојата работа од страна на вашиот безгрешен и таен "D.I.Y" полициски специјален одред. Затоа јасно и гласно го повторувам она што вие не сакате да го слушнете и разберете.

Драг Полковнику Амбар
Ве молам да си ги вратите бубрезите затоа што никој од Вас не побарал 250 г.м. за свирка туку тие пари ги побарав од некој газда на клуб во Прилеп кој со наплатените карти од концертот што "Бумбикс..." требаше да го одржат во неговиот клуб сакаше да ни ги наплати само патните трошкови иако за тоа му требаа само парите од 30 продадени карти. Што е со парите од другите карти кои сигурно ќе ги продадеше плус продадените пијачки врз кои што ние немаме никаква контрола (став на "Бумбикс..." е на нашите концерти да не се продава алкохол на малолетници), а сигурно поголем дел од нив ќе завршеа во грлата на малолетните Прилепчани. Тоа нема врска со hardcore, нели полковнику? Од сега на такви типови ќе им барам по 10000 г.м. за повеќе да не ми се јавуваат, а вие драг полковнику сетете се дека со истите "Бумбикс..." на кои што плукате како нездрави дечишта требаше да одржите заеднички концерт со вашата група "Brain ghetto", а целиот приход од свирката требаше да биде наменет за студентите од "Стив Наумов" кои што тогаш штрајкуваа за подобрување на студентскиот стандард во студентскиот дом. Незнам поради чија неодговорност (сигурно не моја) тој концерт не се одржа.

Драг Полковнику Боби
Ве молам слушнете ги малку подобро "Brigade O.D." затоа што е смешно еден "школуван zine maker" да треска на памет непроверени глупости за нивните текстови затоа што во демото на "Brigade O.D." - Smash the army before they smash you, убаво пишува дека "We hate Greece" е текст посветен на грчката влада од тој период (1991 год.). Исто така е глупаво и малоумно од ваша страна тоа што на Тошо (иако не е ангел) му го оспорувате огромниот допринос во македонскиот underground. Затоа ви препорачувам наместо да се кинете од смеење и да кажувате кој да си купи хармоника научете малку повеќе за македонската underground сцена доколку не сакате ваквите текстови да зачестат. Исто така не би било лошо да пробате да свирите одреден период во некој хц бенд па после тоа да серете за таквите бендови затоа што не можете да серете за нешто што не сте го доживеале.

Драг Полковнику Штеф
Навистина не разбирам зошто не сте си го напишале вашето вистинско име под срањето од концертен рапорт кој излезе во вториот број од полициското "D.I.Y." списание "Бабарога" (ГУВР Прилеп). Можеби името "Прче Стефанкин" повеќе Ви одговара. Зошто навреди (кои не му доликуваат на еден полковник) упатени кон мене (Васко А.) на свирка на сосем други личности? Што да кажам повеќе за човек кој во слободното време е анархист, а кога му треба заработувачка, соработник на NATO алијансата. Да не го споменувам и фактот дека и покрај тоа што Ви преведов некои текстови за Вашето полициско "D.I.Y." списание "К.У.К.М.О." (ГУВР Скопје) воопшто не се најдов на листата за благодарност. Благодарам Прче "I love NATO" Стефанкин.

Драг Генералу Диме
Вие сте приказна самиот за себе. Кога сте трезен Вие сте навистина прекрасен примерок на машки хомосапиенс полицаец, но при првата средба со алкохолот (плус вашите фрустрации) навистина не знаете што зборувате и се замислувате дека сте гуру на македонскиот punk. Сепак ве разбирам затоа што сигурно и јас би бил таков доколку за 8 години издадам само три броја од мојот фанзин, јадам ќотеци по концерти, татко ми би ми ја запалил полициската punk јакна (униформа) и наместо да живеам заедно со другите офицери во офицерските домови "Стив Наумов", "Гоце Делчев" или "Кузман" би живеел сам во про-буржујска атмосфера. Затоа драг Генералу Диме би ви препорачал да си ја затворите устата додека не е прекасно за тоа.

**Ве сака цивил Атанасоски Васко (профитерот)**

30.08.1999-Скопје

ДО МАКЕДОНСКИОТ UNDERGROUND

Здраво!
Откако разбрав дека повторно не се чувствуваш добро, решив да ти пишам и да ти ја кажам причината за твојата лоша состојба (иако ти сигурно веќе ја знаеш). Можеби тоа што ќе го прочиташ во ова писмо навистина ќе те растажи, но разбери ме дека морам да ти предочам некои работи за кои што сметам дека се сржта на твојата долгогодишна болест. Нема да ти пишувам за минатото (знам дека ти е тешко кога ќе се сетиш на него) туку за сегашноста и иднината (која од сесрце ти посакувам да ја доживееш). Значи, да преминам кон причината за моево писмо т.е. за огромната нетрпеливост која владее помеѓу anarcho-punk-ерите и crossover hard core-ците, иако несомнено и двата табора учествувале, учествуваат и се надевам дека и понатаму ќе учествуваат во твојата изградба и одржување. Знам дека е глупаво што овие луѓе ги поделив во табори (затоа што според мене треба да постои само еден underground обединет табор), но тоа го сторив само за да ти помогнам да ги разликуваш учесниците во овој конфликт (кои дефинитивно не оди во твоја и нивна полза). Причината е едноставна и веќе видена и доживеана во речиси целиот underground свет. Кој е профитер, а кој не е? Бидејќи припадниците на овие два табора сигурно не можат (иако мислат дека можат) да ми одговорат на ова прашање затоа што поголем дел од нив се заразени со необјективност, лоша самокритичност, реваншизам и опака своеглавост би те замолил доколку можеш да ми одговориш кој е достоен да биде твој градител? Со нетрпение го чекам твоето заздравување и твојот одговор за кој што се надевам дека ќе доведе до конечно зближување и обединување на двата табора кои ти ги напоменав во писмово.

Твојот вечен слуга, Атанасоски Васко (Тврдокорни Скопје)



БОРИ СЕ!





## Молба до сите луѓе!

...Зошто кога ќе умрете да бидете закопани и вашите тела да се распаднат!? Подарете го своето тело на учениците на Ф.Л.У. Скопје, да учат анатомија и да цртаат, вајаат или сликаат поубави нешта од овој цртеж горе! Искрено Којдан Запров!


Зajo ´99

# ПРИЈАТЕЛСКИ СОВЕТИ

## РЕВОЛУЦИЈА #1




Иако фанзинот не е баш најдобар за поздравување е храброста и желбата на Златко да издаде фанзин и на тој начин да го помогне развивањето на македонскиот “Underground”. На околу 20 страници се сместени интервјуата со “Agathocles”, “Brain Ghetto”, “Петок13”, ”Бабарога”, превземени интервјуа ,стрипови и натписи за бендови.Златко е млад и може да се поправи, се разбира доколку
тоа го сака. Подржете го! Потребни ви се само 20 денари!

## И БОЛ И БЕС #3




Дефинитивно имате што да прочитате во овој фанзин(кој верувале или не излегува после пауза од цели 6 години). Најмногу време се задржав на страниците кои се пополнети со зборовите на “PUNK” легендата ”Jello Biafra”.Со 40 денари можете овој фанзин да го довлечкате пред вашите сетила за вид. Диме Попоски ”Васил Ѓоргов” 28/16, 91000 Скопје

## БАБАРОГА #2




После одличниот прв број еве следува продолжението на овој прилепски фанзин.Разликата од предходниот број е поголемиот формат(А4) и поголемиот број на страници(40) во кои можете да прочитате колумни,есеј,интервјуа (Radical Noise,фанзините “Never Again”,”И БОЛ И БЕС”), натпис за “ABC FEDERATION”, стрип, рецензии, концертни рапорти... Приметлив е графичкиот напредок на фанзинот и цврстиот “D.I.Y” (???) став. Заедно со “Бабарога” го добивате и подлистокот ”Со глава низ ѕид”. Сето тоа за само “бедни” 50 денари (Доколку ви е скапо можете да си купите “Екран”). Главната особина на овој фанзин е “искреноста” во рецензиите,

размислувањата и концертните рапорти. Исто така, недоволното познавање на македонската “underground” сцена (Амбар, “Сарацени” и “Suns” не свиреле во ист период и за твоја информација “Бадмингтонс” ја имаат издадено првата “D.I.Y” касета во Македонија), скромноста (Амбар, наместо анархо-панкот на твојата група која има одржано едвај 5 концерти, во твојот натпис за македонската независна сцена си можел да го спомнеш анархо-панкот на “New Police State”, но сепак ги разбирам твојата желба и потреба за “објективност” која прострујува низ целиот твој фанзин). За крај една порака до творците на “Бабарога”: Овој текст не е реваншизам туку објективност, критичност и цврст став на кој што вие толку многу инсистиравте!!!
Васко Атанасоски (TK. CK.)
Амбарџиев Горан, “Точила 2” Е1 - 2 / 6, 97500 Прилеп, (098) 416-742
Китаноски Боби, “Точила 1” А3 / 23, 97500 Прилеп, (098) 410-329

BLACK GENUS #1
Излезе и првиот македонски Photozine. На околу 27 – 28 (А5) страници можете да гледате фотографии од концертите на: MISERY, SOCIAL OUTCAST, AUS ROTTEN, DEFIANCE, VARUKERS, CHAOS UK, THE GLORY STOMPERS, DIRT, FINAL WARNING, HELLKRUSHER, NAKED AGGRESSION.... Цена 1$. Изглед “100% направи сам”. Оценка, одлична. Сашо Димитровски (исто и за DISCLASS бенд): “Душан Тасковиќ” бр. 3, 91000 Скопје

SIDEWALK – live ’98 (MC)
SIDEWALK се релативно нов бенд кој дефинитивно со својата активност придружена од некои слични бендови (HEXUS, SMUT...) ја најавија новата мелодична HC/PUNK генерација на македонски бендови. Ова е нивно прво издание на кое што се наоѓаат три нивни песни плус една преработка од LAG WAGON (alien 8) снимени во живо во МКЦ на 20. 11.98. Сите технички недостатоци паѓаат во вода со фактот дека ова издание е најава за неколку слични изданија (не само од SIDEWALK) кои допрва треба да следат. Касетата можете да ја добиете доколку исконтактирате со бендот или пак со КАКА – СНИМКИ. Мој фаворит на касетата е “Постојам”. А ваш?



SIDEWALK – live '98 – '99 (MC)
После првата еве веднаш и втора демо live касета на SIDEWALK. Иако сеуште со многу недостатоци оваа касета е минимален напредок во однос на првата. Дефинитивно SIDEWALK посериозно работат на создавањето на својот музички израз. Сигурно поради тоа на овие снимки покрај стандардната постава за прв пат (Најверојатно и за последен пат. Зошто? Читај ја статијата за SIDEWALK) учествува саксофонист. Се на се, ова е успешен обид на бендот за документирање на својата рана демо фаза. Доколку се прашувате каде можете да ја набавите касетава прочитајте ја повторно претходната рецензија.

Безимен ART – ZINE #1
На десет страници Драган ги сместил своите фотографии од с. Тресонче (Дебарско). Фанзинот чини 5 ден. и е посветен на Предраг Томачев - Пеџо (1979 – 1998). НЕКА СИТЕ ВРВОВИ БИДАТ ТВОИ!
Николиќ Драган, Јужноморавски бригади 5/8, 91000 Скопје

"Со глава низ ѕид" #0, #1, #2, #3, #4
Овие страници (најчесто околу дваесетина) се правени со амбиција да бидат првата редовна публикација во Македонија. Како што ја фатиле работава, Диме и Алек, најверојатно ќе успеат во тоа. Во оваа непрофитна публикација можете да прочитате доста информации за разни анархистички организации, информации од прва рака за крвавите случувања околу нас (и секаде во светот), многу добри дискусии... Но доста со фалење (кое оваа публикација сигурно го заслужува). Имам замерки на многу текстови потпишани од Диме кој дефинитивно претерува со некои погрдни зборови и свои заклучоци.

"Диме незнам што повеќе да ти кажам. Да си здрав и жив па да видиме до каде ќе дотуркаш со твојот ужасен однос кон оние кои не се твои истомисленици. Би ти препорачал (иако знам дека никогаш не би ме послушал) да си ја бркаш својата работа и веќе еднаш



да разбереш дека не си единствениот кој нешто разбира и работи (те поздрави SOROS и праша како се снаоѓаш на Интернет. Сака да биде сигурен дека не ти го плаќа залудно користењето на твојата email адреса).”
Инаку најголемиот извор на информации е Интернет (уште еднаш благодарност на чичко SOROS). Цената е 10 денари, а дали ќе ги поддржите или не зависи од вас.
Поповски Димитар, “Васил Ѓоргов” 28 – 16, 91000 Скопје, тел. 121-042, ibolibes@freemail.org.mk
Кузмановски Александар, “Никола Тесла” 2 – 1 / 34, 91000 Скопје, тел. 371-131, alekserum@yahoo.com




TANK WARNING NET - “Live `96” Sun flower / Corpus delicti tapes (MC)
Дваесет и четири песни (обработки од DOOM, OPPRESSED и SORE THROAT) снимени на 19.12.1996. Крш! Еј да, за малку ќе заборавев...крш беше и бината на овој концерт. Крш!




NO NAME NATION - “У пичку матер...” Lithium records MC/CD
Најдобрите луѓе за дружење во градов издадоа албум и тоа со чистокрвен punk-rock звук кој не потсетува на времето кога во една непостоечка држава (СФРЈ или БЈРМ???) постоеја луѓе кои јасно, гласно и брзо (и со многу пцуење) им кажуваа на другите луѓе дека тлото по кое што чекорат и воздухот кој го дишат можат да им бидат забранети и одземени доколку тоа му текне на некој диктатор (председател, премиер, министер, џандар, рекетар, шверцер, хулиган...). У пичку матер па и сега е така.

Со Крш #0 (А4, 4 стр.)
тел/факс: ++389 91 130038
neshos@freemail.org.mk, estata@freemail.org.mk
УРА! Уште еден фанзин. Сработен во HOPS и низ цел град. Во овој број главна тема - SKATE. Сакате нареден, нареден и нареден и се така до моментот кога фанзинот ќе ја постигне својата цел. Убави луѓе во убав град во убав свет во убав универзум (УБАВ = прекрасен, добар, сакан). Сето ова без пари. Кој нема да го поддржи овој фанзин ќе биде посиромашен за неколку убави моменти.

JIHAD - “Ти затнав уста копиле мрсно” BAGI MUSIC (MC)
После релативно кратко постоење и едно демо “JIHAD” го издадоа и својот прв албум. Кога прв пат ги гледав “JIHAD” во живо ми се видоа доста интересни и невообичаени за овие простори. После преслушувањето на албумов сеуште мислам дека се невообичаени, но повеќе не ми се интересни. “JIHAD” направија лош албум. Зошто? Како прво нивните текстови се многу контрадикторни. Додека во некои текстови пропагираат антиавторитетни идеи (Национализам, Све у пизду матер, Смрт народу) во други текстови ја величаат идеолошката зачмаеност од најсмрдлив вид (Народу треба воѓа, Џихад, Ферење, Жене). Навистина смешно. А за текстовите на српски подобро и да не коментирам. Му доаѓа како изгубени во времето. Музиката ме потсетува на панкот што се свиреше во осумдесетите години во СФРЈ. Едно сум сигурен. Касетава повеќе не ја пуштам во мојот касетофон.
П.С. Единствена песна која ми се допадна е Тупак Амару.



Во скопската 300 градина опстојуваат едни од најизмачените животни во Р. Македонија. Некои од нив се таму родени, а некои подоцна донесени. Според светските норми животните се чуваат во несоодветни кафези, во кои хигиената е на многу ниско ниво или воопшто ја нема. Исхраната не ги задоволува потребите на животните, а се случува и да не ја добијат. Честа е сликата на гладни и повредени животни кои не го добиваат неопходниот ветеринарен третман.

**СТОП** - ЗА АГОНИЈАТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО СКОПСКАТА **300 ГРАДИНА**


A.S.T.
DISTRIBUCIJA
FANZINI, KASETI, PRIŠIVKI...
C/O NIKOLIĆ DRAGAN
UL. JUŽNOMORAVSKI BRIGADI 5/8
91000 SKOPJE MAKEDONIJA
TEL. 091 510-108

MY FAVORITE TAPES RELEASES:

#01 AGATHOCLES "...and so god said to us. Stop this noise, it's killing me!" - they don't need any presentation (4$ ppd Europe / 5$ ppd World)
#02 I AM A MAN - international compilation tape with booklet C90 featuring - DISORDER, BEYOND DESCRIPTION, REO, TERMINUS, GROINCHURN, N.Y.A.B., DEPRESSOR, PIZDA MATERNA, B. DAMAGE... (4$ ppd Europe / 5$ ppd World)
#03 NEW YORK AGAINST BELZEBU "Bill Gates's faves songs" - great crazy noise from Brazil with male/female vocals (3$ ppd Europe / 4$ ppd World)
#04 project: B. DAMAGE - another demo tape from this grind, crust, hard core .. band from Macedonia (2$ ppd Europe / 3$ ppd World)
coming soon:
B. DAMAGE / CRIPPLE BASTARDS split tape
and also the new COMPILATION tape

TOTALLY D.I.Y./NON PROFIT/NO RIP-OFF - TRADES ARE MORE THAN WELCOME
I also run a distro, so I would like to distribute your stuff, yes, exactly from you.
I need bands for my future compilation tapes, so if you want to help each other please send your stuff on the following address:
Gjuroski Vasil
bul. AVNOJ 88 - 1 / 5
91000 Skopje
MACEDONIA / EUROPE
e-mail: vasilg@hotmail.com

---



*Жарир Симрин*













# S M U T



Скопје, 1996 година. Ситуацијата на НС сцената, смешна. Луѓето, апатични. Токму во тој период SMUT почнуваат со работа. Причината се проблемите на луѓето од нивната генерација и трулоста на општеството во кое што живеат. Слушањето на бендовите како: MADBALL, BAD RELIGION, SEPULTURA, R.A.T.M. и ......допринесуваат за почетниот N.Y.H.C. - CROSSOVER звук (во тој период заедно со SMUT егзистираат уште неколку бендови со слична музичка и идеолошка подлога. Но денеска OH2, КУЌЕН СОВЕТ....се или максимално неактивни или пак се минато). Иако SMUT се припадници на втората генерација на македонски НС – CROSSOVER бендови, успејаа да одржат солиден број на живи настапи и зад себе оставија повеќе од дваесетина песни од кои дури некои се снимија. Со годините на зреење и растеж SMUT остануваат доследни на играта. По многубројните персонални измени веќе подолго време се задржаа во следниов состав: Баге (тапани), Игор (бас, вокал), Ѓоко (вокал, гитара) и Гајка (гитара, вокал). Денеска SMUT остануваат и понатаму НС – CROSSOVER бенд, но за разлика од почетниот звук кој беше синтеза на HIP HOP, METAL и НС, денеска SMUT свират нешто на трагите на NEW SCHOOL N.Y.H.C. измешан со звуците на бендовите од FAT WRECK CHORDS етикетата. Во очекување сме на првото демо кое се надеваме дека ќе излезе за КАКА – СНИМКИ.

SMUT контакт: "Пекљане 1" бр. 31, 91000 Скопје; Email: gajka@mail.com и skate@freemail.org.mk

## SMUT – сам

Чистејќи го црнилото од својата душа
свати дека никој не го слуша
се надеваше тој на другарите стари
но никој неќеше да му позајми пари
Тогаш остана сам со својата мака
да си го одземе животот тој сега сака
ги подига тој своите раце
и за помош како дете почна да плаче
Сам со својата мака



никој не ти подава тебе рака
сам со својата мака
да си го одземе животот тој сега сака
Му ја сошија устата пред да каже не
му го запечатија паметот пред да се откаже од се
неговите желби сега се нивни
неговите соништа повеќе не се силни
Се каеше тој за грешките свои
со смртта во очи тој сега стои
очи во очи со темнината
од минатото тој ја дише прашината.

Бул. “ЈНА” 23 / 3 – 13, 91000 Скопје, тел. 237-954 (Марко или Недан – “Зајо”)

Скопје, Септември 1994. Глупаци насекаде. Да бидеме како нив? Никогаш!!! Време е целата гнилост што ја создадоа УБИЈЦИТЕ НА ОВОЈ ГРАД да исчезне. Тука некаде почнува приказната на ФЛУКС (Зајо – гитара, Марко – вокал, Данко – тапани, Чоле – бас и Мишко – фагот) урбана и искрена. Музиката е едноставно директно и ..... хмхм..... прекрасна. Се објаснува со четири букви, PUNK. После неколку свирки групата ја напушта Мишко (кој сеуште учествува на повеќе начини во работата на групата), но сепак момците продолжуваат. Во 1996 во својот подрум го снимаат првото демо кое за жал го имаат само неколку вистински вљубеници во бендот. Песните како: “Гнилост”, “Have a nice day”, “Јас сум твој”, “Луѓе без сваќања” остануваат засекогаш да сведочат за генијалноста на ФЛУКС. Во годините што следат ФЛУКС се најактивниот македонски punk бенд и се “растураат” од свирење. И покрај постојаните проблеми со простор за свирење и вежбање, на почетокот на ова лето, влегуваат во скопското студио Профундус и за неколку саати во живо го снимаат својот прв албум “Ништо” кој набргу треба да излезе. За сега толку. А да....за малку ќе заборавев.....СРЕЌЕН 5-ТИ РОДЕНДЕН. Продолжението следува...



---

**ФЛУКС - “Ништо” (промо касета)**

**ФЛУКС се најдобриот македонски бенд. ФЛУКС имаат најдобар деби албум. ФЛУКС мораат официјално да го издадат албумот наскоро за да можат луѓето да слушнат како свират и пеат НАЈДОБРИТЕ.**

## Убијците на овој град

Излегувам и гледам
широка и блесава улица
и ги бркам убијците на овој град
пред мене само прљава прашина
само сум без надеж
дека можеби ќе ги стигнам
убијците на овој град
ајде луѓе
кренете ги главите
и погледнете во каков свет
живеете
ова е бедно и за обичниот
скитник
само сум без надеж
дека можеби ќе ги стигнам
убијците на овој град

## Зошто живееме

Си се прашал ли некад
што би се случило
да умреме сите во една
секунда
ќе има ли некој да плаче по нас
ќе има ли некој да раскаже
за нашите победи и порази
гордост и срам
се сеќава ли некој на првиот
човек
пепел во пепел, прав во прав
си се прашал ли некогаш
зошто живееме
зошто живи сме и умираме
и тука сме и исчезнуваме
и мали сме и горе рипаме
и големи сме и ниско паѓаме



# No Name Nation

контакт: 091/230895 (Божо)

Кога некој бенд се нарекува “punk” тоа значи дека свират брза (може и спора) и бучна музика поддржана со текстови кои се слика на животот на еден панкер. Во 1994 година Скопје добива уште еден punk бенд (ви текнува на почетокот на текстов) кој после неколку измени ја добива својата постава со која што почнуваат да творат музика (Веќе знаете каква, затоа што го прочитавте почетокот на овој текст). Значи во Скопје, Штип, Прилеп, Куманово, Делчево... Сисир - бас, Божо - гитара, Тише - вокал и Стефан - тапани успеваат да и покажат на публиката која доаѓа да ги види дека во оваа држава не е се така розово како што тврдеше нивната вечна и омилена инспирауија, владата на РМ. После појавувањето на некои компилауии N. N. N. ја чуствуваат потребата за издавање на самостоен носач на звук. Некаде во тој период, групата ја напушта вокалот Тише. Сепак бендот продолжува со работа. Божо покрај свирењето на гитарата ја превзема и улогата на вокал. Во таа постава N. N. N. во студиото “Нашински звук” го снимаат својот прв, единствен и најдобар албум “У пичку матер”. Приказната продолжува... Затоа у пичку матер на сите морони и ... PUNK’S NOT DEAD!

No Name Nation

## • Добродојдовте

Не ми треба веќе,ниту една лага
во оваа земја,на очај и тага.
Не барам од тебе ништо да ми дадеш,
за тебе е касно нема веќе надеж.
Да заспијам да заборавам сакам,
дека овде сум роден и овде ќе скапам.
Дека живеам со луѓе без никаква чест,
штом помислам на нив ме обзема бес.
Добро дојдовте,на дивиот балкан,
во земјата на тапани и зурли.
Добро дојдовте на дивиот балкан,
во земјата на пијаници и курви.

## • Девојките од Аеродром

Девојките од Аеродром,за мене се опсесија,
девојките од Аеродром тоа им е професија.
Никогаш немаат време за мене,
зошто правам будала од себе.
Понекогаш да мислат стварно дека вредат,
а они знаат само јако да се ебат.
Најважно од се,во што ќе се вози,
у глава ми се вртат страшно перверзни пози.
И нема проблем стално ми е тврд,
сакаат само да ги ебеш до смрт.
ДЕВОЈКИТЕ ОД АЕРОДРОМ !!!

## • Циркус

Плакати се појавиа во центарот на градот,
за циркусот во зградата веднаш до плоштадот.
Во циркусот ќе има 120 клована,
ќе седат во фотељи и ќе јадат гомна.
Редари со оружје ќе стојат пред врата,
помалку мозок,поголема плата.
Рекламите ветуваат забава луда,
дресирани животни,бубрези и муда.
Плакати се појавиа во центарот на градот,
за циркусот во зградата веднаш до плоштадот.
Рекламите ветуваат забава луда,
мајмуни,коњи и други 300 чуда.
Кучиња со сечени опашки на бина,
дресерски методи увезени од Кина.
Мене никој несака во циркус да ме води,
одвај чекам циркусот од тука да си оди.



















# АНАРХИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Овој текст е превод од оригиналниот текст "RAZVOJ ANARHISTICKIH IDEJA NA TLU JUGOSLAVENSKIH ZEMALjA" издаден во Comunitas #6, а напишан од Триво Инџиќ. Бидејќи во овој текст има неколку погрешни податоци решив покрај преводот да додадам коментар на местата каде што се наоѓаат погрешните податоци. Читајте и запомнете: БОРБАТА ПРОДОЛЖУВА!!!

Слободарските идеи во Македонија стигнуваат преку македонските младинци кои при крајот на 19 век студирале во Швајцарија и Бугарија. Во Женева во 1897 - 1898 тие издавале и два анархистички листови (весници) "Глас" и "Одмазда", кои биле во склопот на Македонскиот таен революционерен комитет, кој се борел за ослободување на Македонија од ропство на Турската империја и за создавање на Балканска социјалистичка федерација. Идеите на руското народство (не знам како поинаку да го преведам зборот "narodnjastvo") и на анархизмот ги прифаќа и првиот македонски социјалист, Васил Главинов (1869 - 1929), со кого во Софија се запознал и Гоце Делчев (1872 - 1903) водечката фигура во борбата за ослободување на Македонија, основач на Тајната македонско-одринска организација во Октомври 1893 во Солун (Гоце Делчев не е основач на ТМОРО туку е еден од основачите. Покрај него тој Октомври 1893 во Солун на собирот на кој што е основана ТМОРО биле и: Даме Груев - професор од с. Смилево, Христо Татарчев - лекар од Ресен, Иван Хаџиниколов - книжар во Солун, (Во неговата книжарница е одржан собирот на кој што е основана ТМОРО) инаку роден во Кукуш, Петар Поп Арсов - професор, роден во с. Богомила, Велешко, Антон Димитров - учител од с. Ајватово, Солунско и Христо Ботанџиев - професор од с. Гуменџе, Ениџе Вардарско) и водач на револуционерното илинденско востание (ХА, ХА, ХА. Секое дете знае дека Гоце Делчев не бил водач на Илинденското востание кое што започнало ноќта помеѓу 1-ви и 2-ри Август 1903, од едноставна причина, смрт. Гоце Делчев бил убиен на 4-ти Мај 1903 во с. Баница, Серско). Ова востание довело до создавањето на Крушевската република, првата социјалистичка република на Балканот, која траела речиси три месеци (Републиката траела десет дена, а севкупните револуционерни акции траеле до крајот на 1903. Значи три, четири месеци. Инаку тоа биле воглавно поединечни акции како на пример напади на полициски станици.). Делчев бил во блиски врски и пријателство со истакнатите бугарски анархисти, Михаил Герџиков и Врбан Килифарски. Околу Делчев се собрале и многу други борци за независна Македонија, анархисти, меѓу кои бил и Петар Манџуков (1879 - 1966) кој во 1898 год. во Скопје ја објавил "Азбука на анархистичкото учење", потоа Даме Груев (1871 - 1906), Јане Сандански (1872 - 1915), Никола Карев (1877 - 1905), Димо Хаџидимов (1875 - 1924) и други. (Тешко е да се верува дека некој од горенаведените бил

вистински анархист, иако некој не ги негира нивните анархистички влијанија. На пример гореспоменатиот Никола Карев бил председател на Крушевската република со која што управувал совет од 60 души избрани од локалното население. Значи оваа република почивала на длабоки републикански принципи т.е. поседувала тенденции за основање на државна организација, што е крајна спротивност со анархистичкиот анти-државен став. Овој орган (мислам на советот од 60 души) е типичен пример за преставничка демократија, па сега размислете. Еве и уште еден пример. Исто така горе споменатиот Јане Сандански во 1908 год. бил основач на Народната федеративна партија, чиј член Димитар Влахов бил пратеник во Отоманскиот парламент. Затоа повторувам. На горебаведените соработници на Гоце Делчев (па и на самиот тој) никој не им ги оспорува анархистичките влијанија но и никој не може да тврди дека биле анархисти). На македонските анархисти им припаѓа и тајната терористичка група “Гемиџии” од Солун (Гемиџиите не се од Солун, туку дејствувале во Солун). “Гемиџии” биле: Јордан Попјорданов, Марко Бошнаков, Димитар Мечев, Константин Кирков, Павел Шатев, Милан Арсов, Владимир Пингов и други. Со низа атентати на јавни објекти и установи (Солунската пошта, Отоманската банка, Францускиот брод “Гвадалкивир”, Германскиот клуб, плинарата и др.) сакале да го привлечат вниманието на светската јавност за борбата на Македонија за независност. Некои од нив погинале, а некои се фатени и осудени на смрт, прогонство или


pokušao osnovati i međunarodnu anarhističku koloniju (1909 i 1910). Vlasti Mađarske i Austrije zabranjivale su unošenje i širenje anarhističkih listova i knjiga u južnoslovenskim zemljama koje su bile pod njihovom okupacijom.

Slobodarske ideje stižu u Makedoniju preko makedonskih omladinaca koji su krajem 19 veka studirali u Švajcarskoj i Bugarskoj. U Ženevi su 1897-1898 oni izdavali i dva anarhistička lista: "Glas" i "Odmazda" (Otmăshtenie), u okviru tzv. Makedonskog tajnog revolucionarnog komiteta, koji se borio za oslobođenje od Turske i za stvaranje Balkanske socijalističke federacije. Ideje ruskog narodnjaštva i anarhizma prihvata i prvi makedonski socijalist Vasil Glavinov (1869-1929), sa kojim se u Sofiji upoznao i Goce Delčev (1872-1903), vodeća figura u borbi za oslobođenje Makedonije, osnivač Tajne makedonsko-odrinske revolucionarne organizacije (oktobra 1893 u Solunu) i vođa revolucionarnog Ilindenskog ustanka (1903). Ovaj ustanak je doveo do stvaranja Kruševske republike, prve socijalističke republike na Balkanu, koja je trajala skoro tri meseca. Delčev je bio u bliskim vezama i prijateljstvu sa istaknutim bugarskim anarhistima Mihailom Gerdikovim i Vrbanom Kilifarskim. Oko Delčeva su se okupili i mnogi drugi borci za nezavisnu Makedoniju - anarhisti, među kojima je i Petar Mandukov (1879-1966), koji je u Skoplju objavio "Azbuku anarhističkog učenja" (1898), Dame Gruev (1871-1906), Jane Sandanski (1872-1915), Nikola Karev (1877-1905), Dimo Hadžidimov (1875-1924) itd. Makedonskim anarhistima pripada i tajna teroristička grupa "Brodara" (Gemidžija) iz Soluna (Jordan Popjordanov, Marko Bošnakov, Dimitar Mečev, Konstantin Kirkov, Pavel Šatev, Milan Arsov, Vladimir Pingov, itd.) koji su nizom atentata na javne objekte i ustanove hteli da privuku pažnju svetske javnosti na borbu Makedonije za nezavisnost, tokom aprila 1903. Neki od ovih atentatora su poginuli, a ostali su uhvaćeni, osuđeni na smrt ili na progonstvo u Malu Aziju (u Tursku). Između 1910 i 1912 anarhistička Međunarodna revolucionarna balkanska asocijacija "Crvena braća", sa ograncima u Solunu, Strumici, Kumanovu i Kratovu, boreći se protiv Turske a za slobodnu Makedoniju.

[illegible] nacionalno i [illegible] Bosne i Hercegovine, koja se nalazila pod austro-

[...] poslednjim metkom ubio je sebe, dok je general ostao nepovređen. Policija je sa Žerajićevog leša otkinula glavu i zadržala je u policijskoj zbirci kao specimen (uzorak) glave anarhiste, a trup je tajno sahranila. Omladina je pronašla njegov grob, posećivala ga, kitila cvećem i na njemu se zaklinjala da će raditi na ostvarivanju ideala slobode. Ovaj kult Žerajića prvi je započeo Vladimir Gaćinović. Drugi omladinac - Luka Jukić - pucao je na bana Cuvaja u Zagrebu juna 1912, ali bez uspeha. Jukić je osuđen na doživotnu robiju, koju je izdržavao do propasti Austro-Ugarske. Sa njime je osuđen na pet godina robije i August Cesarec (1893-1941), književnik i budući urednik levičarskih časopisa ("Plamen", 1919). Atentat na austrougarskog prestolonaslednika i poslednjeg izdanka dinastije Habsburga Franza Ferdinanda, organizovala je u Sarajevu 28 juna 1914 grupa Mladobosanaca. Prvo je na prestolonaslednika bacio bombu tipografski radnik Nedeljko Čabrinović (1895-1916), ali bomba nije

затвор во Мала Азија (Во Турција). Помеѓу 1910 и 1912 год. делувала меѓународната револуционерна балканска асоцијација “Црвени браќа”, со одграноци во Солун, Струмица, Куманово и Кратово, борејќи се против Турција за слободна Македонија.
СЛОБОДА ИЛИ СМРТ!!!

**Името на тишината**



**УЛИЧНА ПОЕЗИЈА**

Стојам врз сенка со форма на странец
од едната страна сум јас
а од другата повторно јас
полека срснувам со ѕидовите

Времето заспива во звук на далечна светлост што умира
и можеби никогаш повторно нема да се роди
Од ова место и не треба да се гледа се
Се борам со ангел во бескраен ринг
ова е ноќ во која денот го бира својот губитник

Но која е таа земја, кога музиката ќе стивне
а купишта сладок шепот стојат како гробови
кога музиката ќе стивне

Тајнствена енигма се лачи низ завесата од црн кристал
поигрувајќи се со кралството на сенките
како нема кралица

Имитирам дека постојам, човеку
окован со сила на илјада шкорпии
го чекам немирот за да ме поврдне

Ја покрив логиката со флуоресцентна боја
зошто се плашам да влијаам врз настаните
како црн лион на кој стои изгравирано името на тишината

Јас сум временски осомничен натрапник
во меланхолично пространство на исцерени ликови
што ги делат и последните илузии со мене

Ги полнам градите со хелиум
а се друго станува моја халуцинација

Па не може вечно да врне во младоста, човеку
и никој не може да ги зароби сите слободни мисли
за да го окупира разумот

Вриштам дури и од внатрешноста на цревата
за да ја разбудам заспаната ноќ во мене
тешка светлост што ја потпишав со зората

Низ пукнатините на ориентот извира бистро сонце во мали кристали на светлина
ЈАС САМО САКАМ ДА ОСТАНАМ ЧИСТ

Крстев Александар



"КАКА"
"Арсо Мицков" 23
91000 Скопје
тел. 091/332-645 (Васко)
091/454-097 (Баже)
e-mail: kaka@freemail.org.mk

...Немаше постојаност и истрајност. Секогаш оние што беа добри беа отфрлани, истејувани, прогласувани за лудаци, мистици ... или пак и тие влегуваа во машината. Соработката секогаш беше сведувана на корист. Уметноста беше во рацете на неуметниците, "интелектуалците" без интелект, квази бунтовниците, искомплексираните "старци", мамините синови и ќерки. Затоа дете не се грижи за реакциите од "машината". Размисли! Кој ги одредува критериумите? Подготви го својот грб за отровните стрели. Стани имун! Научи што е "КАКА", а што не е! Незнам како. Да знаев немаше да ти го зборуват ова, туку ќе бев пример за тебе и за сите "вистински"! Сепак пробај! Никако поинаку нема да дознаеш!!!

